Лазар Котевски

Врз основа член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 124 од Законот за водите(„Службен весник на РМ бр.87/08 а во согласност со член 15 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 11-03-2015 година ја донесе следната

ПРОГРАМА

за заштита од штетно дејство на водите за подрачјето на општина Новаци

ПОПЛАВИ

1.1. Географска положба и големина

Општината Новаци се наоѓа на јужниот дел на Македонија, го зафаќа југоисточниот дел на Пелагониската рамнина, централниот дел на течението на Црна Река, битолскиот дел на Мариово и пограничниот дел со Грција на потегот на планината Ниџе.

Општина Новаци на север граничи со општина Прилеп и општина Могила на запад со општина Битола и на јужниот и источниот дел со Р. Грција во должина на гранична линија од околу 60 км. Ова подрачје лежи помеѓу од 41°02'50" до 41°03'20" северно од Екваторот (СГШ) и од 21°35'42" до 21°36'11" источно од Гриничкиот меридијан (ИГД) со средна надморска височина од околу 580 метри.

Има прилично добра географска положба и сообраќајна поврзаност, бидејќи низ нејзиниот централен дел минува регионалниот патен правец Р-1311 Битола-Новаци-Старавина, Р-2338 Гермијан-Скочивир-Старавина кој е крак на магистралниот пат А-3м за Р.Грција и Р-2340 Бач-Новаци, пат кој ги поврзува Р-1311 и Р-2338. Исто така, од големиот градски центар Битола, централната населба Новаци се наоѓа на оддалеченост од само 10 км.

Вкупната територија која ја зафаќа општина Новаци изнесува 753,53 км^2, а ја сочинуваат катастарските општини на 41 село и тоа: Арматуш, Балдовенци, Бач, Биљаник, Брник, Брод, Будимирци, Велесело, Врањевци, Гермијан, Гнеотино, Гнилеж, Горно Агларци, Градешница, Грумази, Груништа, Далбеговци, Добровени, Добромири, Долно Агларци, Долно Орехово, Живојно, Зовиќ , Ивени, Маково, Мегленци, Новаци, Ново Село, Орле, Паралово, Петалино, Полог, Рапеш, Рибарци, Скочивир, Сливица, Совиќ, Старавина, Суво Дол и Тепавци.

Административно гледано, населеното место Новаци е седиште на општината Новаци.

1.2. Релјефни карактеристики

Западниот дел на општина Ноавци е рамничарски и лежи во Пелагониската котлина, додека источниот дел е планински и ги опфаќа мариовскиот дел и планината Ниџе. Највисока точка на подрачјето на Општината Новаци е врвот Кајмакчалан на планината Ниџе и изнесува 2520 метри. Орографски целини на вкупниот простор се:

- Котлинско дно ..... 51.300 Ха или 29,18 %
- Селечка планина ..... 21.830 Ха или 12,43 %
- Ниџе планина ..... 39.930 Ха или 22,72 %

Планинските предели обилуваат со релативно високи врвови од кои позначајни на Ниџе планина: Кајмакчалан – 2520 м, Добро поле – 1877 м, Сокол – 1822 м, Стојков гроб – 1876 м.[1]

1.3. Пошуменост и друга вегетациска покриеност

Од вкупната територија на општина Новаци пошумени се околу 17000 Ха со кои располага ЈП Македонски шуми „Кајмакчалан" Битола и е поделен на 4 шумско стопански единици Ниџе I со површина од 5099,80 Ха која се протега на источниот дел од падините на планината Ниџе, Ниџе II со површина од 3592,67 Ха која се протега во средишниот дел од падините на планината Ниџе, Гола Чука со површина од 1362,42 Ха која се протега на падините на Селечка планина и Кајмакчалан со површина од 6190,36 Ха која се протега на падините на планината Ниџе кај врвот Кајмакчалан, а останатиот дел го стопанисуваат индивидуални сопственици.[2] Вкупната пошумена површина во општина Новаци е со следен состав:

- 35% листопадни шуми
- 20% мешовите шуми
- 35% иглолисни шуми и
- 10% деградирани шуми (шикари)

1.4. Основни карактеристики на земјиштето

Од вкупната површина која ја зафаќа општина Новаци 753,53 км^{2}површина или 75353 Ха, од кои урбанизирано земјиште е околу 2000 Ха, обработливо земјоделско земјиште е околу 25000 Ха, под пасишта припаѓаат околу 30000 Ха и околу 17000 Ха се пошумено земјиште. Геолошкиот состав на земјиштето на ова подрачје е разнообразен при што главно се среќаваат два вида на почви и тоа: делувијални и алувијални. Делувијланите почви се наоѓаат во подножјето на планините на подрачјето на општина Новаци и настанале со натрупување на еродираниот материјал што го носат рекичките од планинските подрачја. Тие не се многу плодни и обично не се обработуваат, но може да се користат за овошни насади, винова лоза, бостан и други култури. Останатиот дел од подрачјето на општина Новаци односно рамничарскиот дел се карактеризира со алувијална почва кое настанале со таложење на ситен материјал што го донеле реките Црна и Елешка од повисоките подрачја во рамничарскиот дел. Алувијалната почва е доста плодна, влажна, богата со хумус и се користи за одгледување на градинарски, индустриски и житни култури. Често на местата со плитки подземни води, покрај алувијалната почва се јавуваат ливадската, а наместа и мочурливата почва, на кое е застапена соодветна ливадска и мочуришна вегетација. Исто така, Новаци е богата со минерали од кои најмногу има резерви на јаглен лигнит, што овозможи изградба и работа на РЕК Битола.

1.5. Климатски услови

Како резултат на специфичните природно-географски особености, Новаци има две климатски зони и тоа: умерено континентална во Пелагониската котлина и

---

[1] „Регионална географија на Европа и на Република Македонија" Јове Димитрија Талевски, 2005 година

[2] ЈП „Македонски шуми" Подружница „Кајмакчалан" Битола

планинска на планинските масиви . Умерено континенталната клима се карактеризира со жешки и суви лета и студени и влажни зими. Ова има големо негативно влијание на појавата и ширењето на пожари преку лето и појава на снежни наноси, магла, сињак и голомразица преку зима. Дневните максимални летни температури достигаат и до $+40^0$C, додека во зима температурата паѓа и под -20^0C.

Просечните врнежи во Општина Новаци изнесуваат 610 мм годишно, но истите не се рамномерно распоредени во текот на годината. Максимални врнежи се јавуваат во месеците ноември и декември кога изнесуваат од 68-73 мм а минимални во јули и август од 22-34 мм. Просечниот број на денови со снежен покривач е 30 денови. Ваквите количини на врнежи и делувањето на ветровите доведува до негативни последици врз земјоделството појава на пожари и сушни периоди преку летото и поплави и голомразица во касна есен, зимскиот и раниот пролетен период, сообраќајот и одржувањето на патната мрежа, појава на снежни наноси и мразеви особено на магистралните и регионални сообраќајници.[3]

1.6. Хидрографска мрежа, вид и количина на атмосферски и други води

Општина Новаци лежи во сливното подрачје на реките Црна и Елешка. Течението на Црна река низ подрачјето на општина Новаци е во должина од 28 км во рамничарскиот дел и 25 км минува низ Скочивирската клисура. Реката Елешка е десна притока на река Црна и таа доаѓа од Р.Грција и е со должина од околу 7 км. Притоките на река Црна со мали исклучоци се влеваат од нејзината десна страна. Тие се релативно кратки, но заради големите висински разлики, нивните води се прилични брзи, така што при обилни дождови и при топење на поголеми снежни маси и наноси доаѓа до нивно често излевање посебно во рамничарскиот реон. Други реки се: Коњарка, Сатока, Градешка и Бела река.

Просечните врнежи во Општина Новаци изнесуваат 610мм на $м^2$ годишно, но истите не се рамномерно распоредени во текот на годината. Максимални врнежи се јавуваат во месеците ноември и декември кога изнесуваат од 68-73 мм, а минимални во јули и август од 22-34 мм. Ваквите количини на врнежи и делувањето на ветровите доведува до негативни последици врз земјоделството појава на пожари и сушни периоди преку летото и поплави и голомразица во касна есен, зимскиот и ран пролетен период, сообраќајот и одржувањето на патната мрежа, појава на снежни наноси и мразеви особено на магистралните и регионални сообраќајници.

Во Пелагониската котлина во последните неколку години се извршени повеќе бушења, при што се појавени поголем број на извори со минерална вода.[4]

На територијата на општина Новаци се наоѓа и вештачката акумулација Суводол со капацитет од 5 122 000 $м^3$ која е во сопственост на АД „ЕЛЕМ“, а служи за потребите на РЕК Битола.

2.1. Социо-економски карактеристики

---

[3] „Регионална географија на Европа и на Република Македонија“ Јове Димитрија Талевски, 2005 година
[4] „Битолски Регион – население и населби“ Никола В. Димитров и Трајко Огненовски 2009 година

Важен економски фактор во општина Новаци е земјоделското обработливо земјиште. Од таму главна стопанска дејност е земјоделското производство: полјоделство, градинарство, сточарство и производство на сточна храна треба да претставуваат основа на развојот на прехрамбената, преработувачката и мелничката индустрија.

Локалните инвестиции во комуналната сфера, подобрувањето на сообраќајната инфраструктура, поволната географска поставеност блискоста со градскиот центар Битола и поволната сообраќајна поврзаност со него и постоењето на најголемиот енергетски капацитет во Р.Македонија РЕК Битола и заедно со маркетингшкото претставување на стопанските потенцијали треба да претставуваат појдовна основа што ќе ја прави општината привлечна.

Економски субјекти кои егзистираат на територијата на општина Новаци се: ЗК Пелагонија – Битола со своите деловни единици, РЕК Битола, ДООЕЛ „Суна“ за производство на минерална вода и природен CO_2 и Стентон градба.

2.2. Природни ресурси (земјоделско земјиште, шуми и шумско земјиште, минерални ресурси и рудници, водни ресурси и водостопанска инфраструктура, енергетски извори и енергетска инфраструктура и друго)

Од вкупната површина која ја зафаќа територијата на општина Новаци која изнесува 75353 Ха, на земјоделско обработливо земјиште припаѓаат околу 25 000 Ха од кои еден дел обработува приватниот сектор, а останатиот дел го обработува АД ЗК „Пелагонија“ Битола.

Под пошумено и шумско земјиште во општина Новаци опфатени се околу 17000 Ха со кои стопанисува ЈП Македонски шуми „Кајмакчалан“ Битола со 4 шумско стопански единици Ниџе I, Ниџе II, Гола Чука и Кајмакчалан.

На територијата на општина Новаци има извори на минерална вода на неколку локации и тоа во атарот на селата Гермијан и Рибарци каде се врши експлатацијана природен CO_2 .

Во општина Новаци населените места Новаци, Добромири и Рибарци се поврзани на водоводната мрежа од градскиот водовод од Битола. Во селата Горно Агларци, Долно Агларци, Далбеговци, Гермијан, Бач, Живојно, Брод и Скочивир изградена е локална водовона мрежа со резервоари со пумпи. Селата Старавина, Градешница, Будимирци и Зовиќ приклучени се на регионалниот водовод „Мариово“, а селата Рапеш, Маково, Орле и Груништа имаат локални водоводи.

Во областа на енергетските извори и енергетската инфраструктура на територијата на општина Новаци се наоѓа најголемиот електро-енергетски комбинат во Република Македонија, РЕК Битола од кој се разгранува целокумната електро-енергетска инфраструктура низ Републиката. Енергетската инфраструктура која се наоѓа на територијата на општина Новаци ја стопанисуваат два субјекти и тоа АД „МЕПСО“ и „ЕВН“ Македонија со следната инфраструктура: електро-енергетски водови и далноводи (правци и моќност): далелеководи: Битола- Р.Грција 400 kV, Битола-Неготино 400 kV, Битола-Скопје 400 kV, Битола-Битола1-Битола4-Ресен 110 kV, Битола1-Сопотница 110 kV, Битола1-Прилеп 110 kV, Битола-Битола3 110 kV, Битола-Суводол 110 kV и Битола-Брод-Гнеотино 110 kV и трафостаници (број, местоположба, моќност и намена-градск и или индустриски): ТС Битола 1 110 kV/35 kV/10 kV во РЕК Битола, ТС Битола 2 110 kV/35 kV/10 kV во РЕК Битола, ТС Битола

3 110 kV/10 kV во РЕК Битола, ТС Битола 4 110 kV/10 kV во РЕК Битола, ТС Термо 35 kV/10 kV во РЕК Битола, и голем број мали трафостаници 10 kV/0,4 kV.

2.3. Демографски профил: број и карактеристики на населени места , број и структура на населението (национална застапеност,староснигрупи,родова припадност, образование, економска активност, лица со посебни потреби и други демографски параметри, вклучувајќи ги промените кои се случиле во последните 2-3 децении) вкупно и посебно по населени места.

- Во општина Новаци живеат 3 549 жители во 41 населено место.
- Население според националната застапеност

Етнички групи	%	Население
Македонци	97,98	3 477
Албанци	0,85	30
Турци	1,05	36
Роми	0	
Власи	0,04	2
Срби	0	
Бошњаци	0	
Останати	0,08	4
Вкупно		**3 549**

Табела 1. Население според националната застапеност во општина Новаци (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година)

- Поделба на населението според старосни групи

Општина	Вкупно	Возрасни групи						
		0-14	15-29	30-44	45-59	60-74	75-85+	непозната возраст
Новаци	3549	491	621	693	609	803	332	-

Табела 2. Поделба на населението според старосни групи во општина Новаци (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година)

-Поделба на населението според родовата припадност

Општина	Вкупно	Возрасни групи – мажи						
		0-14	15-29	30-44	45-59	60-74	75-85+	непозната возраст
Новаци	1847	258	323	409	326	385	146	-

Општина	Вкупно	Возрасни групи - жени						
		0-14	15-29	30-44	45-59	60-74	75-85+	непозната возраст
Новаци	1702	233	298	284	283	418	186	-

Табела 3. Поделба на населението според родовата припадност во општина Новаци (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година)

- Поделба на населението според степенот на образование на возраст од 15 и повеќе години

Општина	сè		мажи		жени	
	писмени	неписмени	писмени	неписмени	писмени	неписмени
Новаци	3 033	224	1 635	64	1398	160

Табела 4. Поделба на населението според писменоста во општина Новаци (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година)

Општина	Вкупно население	Школска подготовка								
		Без училиште некомплетно основно образование		Основно училиште	Средно училиште	Виша школа	Висока школа, факултет, академија	магистратура	докторат	Сеуште се во процен на основно образование
Новаци	3 058	239	913	1 203	644	35	22	0	0	2

Табела 5. Поделба на населението според степенот на образование на возраст од 15 и повеќе години во општина Новаци (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година)

-Поделба на населението според економската активност на возраст од 15 и повеќе години

Општина	Пол	Вкупно	Економски активни			Економски неактивни
			сè	вработени	невработени	
Новаци	Вкупно	3 053	1 376	908	468	1 677
	мажи	1 585	958	715	243	627
	жени	1 468	418	193	225	1 050

Табела 6 . Поделба на населението според економската активност на возраст од 15 и повеќе години во општина Новаци (Државен завод за статистика на РМ, Попис на

населението 2002 година)

- Густина на населениетово општина Новаци изнесува 4,7 лица/км^2.

3) Процена на опасност од поплави

3.1 Истражување, документирање и анализа на информации и документи за случените во минатото несреќи и непогоди предизвикани од опасностите карактеристични за подрачјето кое е опфатено со проценатa

На 27 Февруари 1974 година битолскиот регион бил зафатен од интензивни врнежи од дожд при што биле поплавени 5000 Ха површина од кои 3000 Ха посеани со пченица. За санација на поплавите биле ангажирани силите на Општинскиот штаб за Цивилна заштита.[5] Голема поплава во Битолско имало на 16 Мај 1979 година кога дожд паѓал околу 10 дена и е направена голема материјлана штета. Водата била надојдена во реките Шемница, Црна, Драгор и други суводолици. Од надојдените води на река Црна биле поплавени 826 Ха обработливо земјиште, а од прелевањата на 5 и 10 канал биле поплавени 195 Ха шекерна репа, 400 Ха пченица, 50 Ха луцерка, 119 Ха сончоглед и 43 Ха јачмен.[6] Истата година на 18 и 19 Ноември имало големи врнежи од дожд кои што предизвикале големи материјални штети. Поплавени биле околу 17 000 Ха пченица, јачмен и други земјоделски култури од кои 12 582 Ха биле на ЗИК Пелагонија Битола, а останатите биле на индивидуални земјоделци. Од поплавите биле зафатени и селата Долно Оризари, Карамани, Трн, Кравари, Жабени, Средно Егри, Вашарејца, од Лознани до Тополчани полето било поплавено и непроодно, и биле прекинати патните врски со Старавина. За надминување на последиците од поплавата биле ангажирани штабот и единиците на цивилна заштита.[7] Поплави од поголем обем се регистрирани и во 2002 и 2009 година. Во 2010 година во периодот Февруари-Април заради интензивните врнежи од дожд, високите температури и наглото топење на снегот од високите предели имаше појава на големи поплави на подрачјето на општиона Новаци. Имено беа поплавени околу 12 000 Ха и направена материјална штета во висина од околу 3 милијони евра. Во 2013 година заради наглото топење на снегот од високите температури дојде до излевање на река Црна преку одводните канали и беа поплавени околу 4000 Ха во Пелагонија. На 7 Април 2013 година заради енормните врнежи од дожд (55-60 л/м^2) високите температури и интензивното топење на снегот од Баба планина дојде до големо зголемување нанивото на реките Драгор, Велушка река, Елешка река, Бистричка река и Жабенска река. Благодарение на брзата реакција на сите учесници во СУК и ангажирање на ресурсите од јавните и локалните комунални претпријатија (беа повишувани насипи на водотеците на одредени места) беше спречена поголема катастрофа.

3.2Определување/профилирање на поенцијалните извори на загрозување – опасности, кои моѓат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на подрачјето на општината

---

[5] Битолскли весник од 27.2.1974 година
[6] Битолскли весник од 16.5.1979 година
[7] Битолскли весник од 28.11.1979 година

На подрачјето на ЕЛС Новаци потенцијална опасност за предизвикување на поплави се река Црна и Елешка река. Исто така потенцијална опасност за излевање постои и кај примарната и секундарната каналска мрежа за одводнување во пелагонискиот регион, а на која главен реципиент е река Црна. Друга потенцијална опасност за појава на полави се вештачките акумулации: Стрежево (120 000 000 $м^3$ вода) која водата при максимално ниво на акумулацијата, неконтролирано од преливниците ја испушта преку река Шемница во река Црна или доколку дојде до оштетување на насипаната брана на акумулацијата (механичко, од земјотреси со голем интензитет или други оштетувања) доаѓа до поплава од голем интензитет во која би биле зафатени голема површина од ЕЛС Битола, Могила и Новаци и акумулацијата Суводол (5 122 048) во РЕК Битола која водата при максимално ниво на акумулацијата, неконтролирано од преливниците ја испушта преку посебен одводен канал во река Црна или доколку дојде до оштетување на насипаната брана на акумулацијата (механичко, од земјотреси со голем интензитет или други оштетувања) доаѓа до поплава во рудникот Суводол.

3.3Проценување на веројатноста за нивно случување (по време, место, интензитет), со научно и методолошки поткрепен процес на обработка на верификувани информации во организирана и координирана меѓуресорска соработка со сите вклучени субјекти од Системот за управување со кризи.

Од досегашните искуства и обработката на верификувани информации можност за излевање на водотеците на подрачјето на ЕЛС Новаци се очекуваат во периодот од месец Февруари до Април и во периодот во месеците Ноември и Декември, но не се исклучува можноста и во друг период од годината заради интензивни врнежи од дожд со голем интензитет и времетраење од неколку денови да дојде до појава на поплави. Река Црна во голем дел на своето течение е природна граница помеѓу ЕЛС Новаци и ЕЛС Битола. Во гореспоменатите временски периоди заради интензивно топење на снег од високите планини од горното течение на реката во ЕЛС Демир Хисар и ЕЛС Крушево, можноста за појава на интензивни врнежи и зголемени температури доаѓа до нагло зголемување на нивото на реката. Во периодот од 1987 до 1991 година ВОП Пелагонија Битола изврши проширување на тогашното корито на реката и изведба на новото кое беше димензионирано на 50 годишни води. (беше направен нов профил со мајор и минор корито). После тој период запоставено е одржувањето на реката при што на дното има наталожен материјала во висина од околу 80-100 см. Исто така има појава на крупна вегетација која значително ја намалува пропусната моќ. Според наша проценка од завршетокот на работите во 1991 година до денес намалена е пропусната моќ за околу 30-40%. Во текот на изминатат деценија направени се неколку освежувања на коритото (отстранување на крупна вегетација) но сето тоа со последните настани се покажа како недоволно. Бидејќи нивото на талогот во коритото на река Црна е далеку повисоко од оној во одводните канали при достигање на ниво на вода во реката од над 3,50 метри на мерниот пункт кај с. Новаци се јавува природен феномен кога водата од река Црна се враќа назад по одводните канали и на места каде што висината на насипот на каналите е помала доаѓа до излевање и поплавување на околните земјоделски површини. Подигањето

на нивото на водата во каналите е доста големо бидејќи и тие имаат сопствено сливно подрачје од терцијалната одводна мрежа и водосливниците од околните планини и ридови. Во 2010 година регистрирано е највисоко ниво на река Црна на мерниот пункт Новаци во висина од 4,94 метри. Во периодите од годината кога се очекуваат поплави нивото на капиларните (подземни) води е доста високо па и капацитетот на почвата за апсорбирање на површинските води е значително намален. Сите овие горенаведени состојби се причина за појава на поплавување на големи земјоделски површини, а се јавува опасност од поплавување и на населени места. Како најкритични места за излевање на река Црна или на каналската одводна мрежа на подрачјето на ЕЛС Новаци се влив на 13-ти канал (атар на с. Гнеотино), влив на 10-ти канал (атар на с. Рибарци и с. Гнеотино) и течението на каналот Добрушево заради ниското ниво на насипот на каналот и при зголемено ниво на вода истата се прелева во околните земјоделски површини(атар на селата Горно Агларци, Долно Агларци,Далбеговци и Добромири).

При енормно повишување на нивото на Елешка река би биле аратите на селата Гермијан, Бач и Брод

Што се однесува до акумулацијата Стрежево опасноста од подигање на нивото на водата во езерото над максимално предвидената кота (кота 739,00 м.н.в.) со тенденција за понатамошно зголемување може да се очекува во периодот од месец Февруари до Мај. Имено во тој период може да се појави најнеповолна ситуација кога максималниот проток на вода во река Шемница изнесува 170 $м^3/s$, во река Црна 206 $м^3/s$, а котата на нивото во акумулацијата да е 739,00 м.н.в. Ако во таа ситуација дотокот на вода во акумулацијата е поголем од истекот доаѓа до неконтролирано истекување на водаат преку преливникот, а ако таа тенденција продолжи понатаму (истекувањето преку автоматскиот преливник е помало од дотокот) и понатаму се подига нивото на водата во акумулацијата и доаѓа до преливање на вода преку браната. Потенцијалата опасност е многу голема бидејќи се работи за насипана земјена брана со конструктивна висина од 76 метри, должина на круната на браната од 632 метри, а акумулацијат е со волумен од 120.000.000 $м^3$ вода.

Акумулацијата Суводол е значително помала од Стрежево и доколку водата дојде до максималното ниво на акумулацијата 687 м.н.в., неконтролирано од преливниците ја испушта преку посебен одводен канал во река Црна или доколку дојде до оштетување на насипаната брана на акумулацијата (механичко, од земјотреси со голем интензитет или други оштетувања) доаѓа до поплава во рудникот Суводол. Треба да се напомене дека нивото на акумулацијата Суводол се одржува на една третина затоа што пред околу 10 години дошло до деформација на левото крило од браната за околу 10 мм.

Останатите случаи кога е загрозена стабилноста на браните Стрежеви и Суводол и тоа при појава на земјотрес, филтрација низ браната, под браната или ако се промени бојата на водата која се филтрира и кога службите на браните и акумулациите ќе оценат дека стабилноста на е загрозена можат да се случат во било кој период од годината.

(4..) Процена на ранливост и изложенст на посебните елементи кон кои е насочен ризикот од поплави

4.1. Проценатa на ранливоста и изложеноста опфаќа анализа и дефинирање на посебните карактеристики, специфики и околности на поединецот, заедницата, објектите и системите кои ги прават подложни на негативните влијанија на оштетувачките ефекти на дадената опасност

При процена на ранливоста и изложеноста на подрачјето на општина Ноавци од опасноста од поплави предизвикани од излевање на реки треба да се земат во предвид сливните подрачја на реките Црна и Елешка.

Река Црна е најголема река на подрачјето на општина Новаци која е природна граница помеѓу општините Новаци и Битола и која заедно со 10-ти канал и каналот Добрушево течат во атарите на селата Долно и Горно Агларци, Добромири, далбеговци, Новаци, Рибарци, Гнеотино, Брод, Бач, Добровени и Скочивир. Вкупната должина на река Црна на подрачјето на ЕЛС Новаци е околу 28 км во рамничарскиот дел и околу 27 км во Скочивирскјата клисура, 10-тиот канал е со должина од 12 км и каналот Добрушево е 3,1 км.

Река Елешка е мала река со должина од 7 км и тече низ атарите на селата Гермијан, Бач и Брод. Река Елешка во Р.Македонија влегува од Р.Грција.

При рушење на **браната Стрежево** вкупната поплавена површина во ЕЛС Битола, Новаци и Могила ќе изнесува 212 км^2 или 11,77 %. Ако се анализира поплавента зона ќе се констатира дека целосно ќе бидат зафатени следните села: Добромири, Новаци, Рибарци и Гнеотино.

При рушење на **браната Суводол** ќе бидат поплавени само ископините во рудникот Суводол.

4.2. Квалитативна и квантитативна анализа на дадените вредности, идентификација на типологијата на објектите и нивниот број, на инфраструктурата и на критичните објекти кои се чуствителни на конкретната опасност

Квалитативната и квантитативната анализа на создадените вредности (изградената средина) типологијата на објектите и нивниот број претставува основа врз која се спроведуваат анализи и процени за нивната ранливост и изложеност, а се определуваат и потенцијалните загуби и штети, изразени во физички и финансиски показатели. Поради овие потреби Центарот за управување со кризи на Република македонија за подрачјето на ЕЛС Новаци изврши инвенторизација на сите елементи изложени на ризик (регистер на објекти од било кој вид). Од тука се добиваат податоци за квалитативниот дел на анализата (вид, место, географска положба, виталност, истрајност, зафатеност и др.). За квантитативниот дел на анализата се користат следните податоци: број на објекти, број по структура и типови, број на витални објекти, број на критични објекти, број на објекти за производство на храна и снабдување, здравство, образование, детска заштита и др. Извршената инвенторизација од страна на Центарот за управување со кризи на РМ опфаќа и георeферентни показатели за објектите со што се отвора можност за нивно мапирање и визуелизација на Географски информациски системи.

Како критични објекти изложени од опасност од рушење на браната Стрежево ќе бидат, регионалниот пат Р-1311 Битола- Новаци, сите мостови на реките Црна и Елешка, голем дел од индустриските објекти.

4.3. Квалитативна и квантитативна анализа на изложеното население (родова структура, стросни групи, групи со посебни потреби и тн.)

За определување на степенот на изложеност на населението со цел да се проценат можните загуби на човечки животи и повредени се користи општиот дел од проценатa (дел III Елементи на ризик, точка 3 населени места, потточка 3, точка 3 Демографски профил) делумно целосни а делумно парцијални во зависност од големината на подрачјето на ЕЛС Новаци кое би било зафатено од евентуална поплава.

При излевање на **река Црна** и нефункционирање на каналската одводна мрежа (можно излевање на 10-ти и каналот Добрушево) се загрозени следните населени места:

Населено место	Број на жители	Мажи	Жени	Вкупно економ. активни	Вработени	Невработени	Економски неактивни
Долно Агларци	167	95	72	77	48	29	61
Горно Агларци	185	104	81	53	51	2	109
Добромири	345	177	168	159	109	50	126
Новаци	1283	661	622	564	373	191	490
Рибарци	130	64	66	52	39	13	67
Гнеотино	32	16	16	19	19	-	10
Брод	57	31	26	15	11	4	41
Бач	172	89	83	54	27	27	97
Добровени	18	10	8	4	3	1	13
Скочивир	30	11	19	1	1	-	29
Вкупно	**2419**	**1258**	**1161**	**998**	**681**	**317**	**1043**

Табела 7. Број на жители, полава структура и економска активност на населението (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година, Книга XI и XII)

	0-14	15-29	30-44	45-59	60-74	75-85+	непозната	Вкупно
Долно Агларци	29	32	44	22	35	5	-	167
Горно Агларци	22	40	36	42	33	12	-	185
Добромири	60	61	81	54	64	25	-	345
Новаци	226	267	293	230	210	57	-	1283
Рибарци	11	30	25	30	22	12	-	130

Гнеотино	4	2	4	4	11	7	-	32
Брод	1	7	8	8	20	13	-	57
Бач	21	25	30	28	42	26	-	172
Добровени	1	-	4	-	5	8	-	18
Скочивир	-	-	3	-	13	14		30

Табела 8. Поделба на населението според старосни групи (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година, Книга X)

При излевање на **река Елешка** се загрозени следните населени места:

Населено место	**Број на жители**	**Мажи**	**Жени**	**Вкупно економ. активни**	**Вработени**	**Невработени**	**Економски неактивни**
Гермијан	257	136	121	79	35	44	137
Брод	57	31	26	15	11	4	41
Бач	172	89	83	54	27	27	97
Вкупно	**486**	**256**	**230**	**148**	**73**	**75**	**275**

Табела 9. Број на жители, полава структура и економска активност на населението (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година, Книга XI и XII)

	0-14	**15-29**	**30-44**	**45-59**	**60-74**	**75-85+**	**непозната**	**Вкупно**
Гермијан	40	48	50	53	51	15	-	257
Брод	1	7	8	8	20	13	-	57
Бач	21	25	30	28	42	26	-	172

Табела 10. Поделба на населението според старосни групи (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година, Книга X)

При поплава од преливање или рушење на **акумулацијата Стрежево** од поплавниот бран се загрозени селата:.

Населено место	**Број на жители**	**Мажи**	**Жени**	**Вкупно економ. активни**	**Вработени**	**Невработени**	**Економски неактивни**
Добромири	345	177	168	159	109	50	126
Новаци	1283	661	622	564	373	191	490

Рибарци	130	64	66	52	39	13	67
Гнеотино	32	16	16	19	19	-	10
Вкупно	**1790**	**918**	**872**	**794**	**540**	**254**	**693**

Табела 11. Број на жители, полова структура и економска активност на населението (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година, Книга XI и XII)

	0-14	**15-29**	**30-44**	**45-59**	**60-74**	**75-85+**	**непозната**	**Вкупно**
Добромири	60	61	81	54	64	25	-	345
Новаци	226	267	293	230	210	57	-	1283
Рибарци	11	30	25	30	22	12	-	130
Гнеотино	4	2	4	4	11	7	-	32

Табела 12. Поделба на населението според старосни групи (Државен завод за статистика на РМ, Попис на населението 2002 година, Книга X)

При поплава од преливање или рушење на **акумулацијата Суводол** од поплавниот бран ќе биде поплавен само површинскиот коп на рудникот Суводол и ќе бидат загрозени лицата кои ќе бидат на работни задачи во тој момент и целата механизација која ќе се наоѓа во рудникот.

Со помош на овие квантитативни и квалитативни показатели се создава можност за понатамошни софистицирани анализи и сценарија за можни загуби по различни основи. При правењето на ваквите анализи треба да се земе во предвид кога би можела да се случи евентуална поплава на одредено подрачје. Бројот на евентуални загуби зависи од тоа дали поплавата се случува во работен или неработен ден, односно ноќе или во работно време (во случај на работен ден и случување на поплавата во работно време бројот на жители изложени на ризик по живот е помал но од друга страна се работи претежно за економски неактивни лица кај кои ризикот по живот е на многу високо ниво).

5. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од поплава врз објекти и инфраструктура:

5.1 Оштетувањетио на објекти, по конструктивни типови, степен на оштетување и број

При евентуална појава на поплави во реоните кои се лоцирани во претходниот дел од проценатa ќе бидат зафатени голем број на објекти и тоа: куќи, згради, мостови, фабрики, училишта и тн.

При излевање на Река Црна и нефункционирање на каналската одводна мрежа (можно излевање на 10-ти и канал Добрушево) изложени се следните населени места во ЕЛС Новаци: Долно и Горно Агларци, Добромири, Новаци, Рибарци, Гнеотино, Брод, Бач, Добровени и Скочивир. Во овие места претежно луѓето живеат во индивидуални станбени објекти па според тоа бројот на ранливи објекти е: Долно Агларци 42 за живеење и околу 33 помошни, Горно Агларци 50 за

живеење и околу 40 помошни, Добромири 95 за живеење и околу 84 помошни објекти, Новаци 138 за живеење и околу 125 помошни, Рибарци 38 за живеење и околу 30 помошни, Гнеотино 13 за живеење и околу 8 помошни, Брод 12 за живеење и околу 9 помошни, Бач 7 за живеење и околу 4 помошни, Добровени 18 за живеење и околу 16 помошни и Скочивир 14 за живеење и околу 11 помошни.

Индивидуалните станбени објекти и помошните простории кои се погоре набројени од градежнички аспект ги имаат следните карактеристики:

- Во 50 до 60% од објектите се работи за масивен конструктивен систем и старост 30 до 60 години.
- Во 40 до 50 % од објектите се работи за скелетен конструктивен систем (армирано-бетонски конструкции) со старост помала од 30 години.

При појава на поплави од излевање на Река Црна ќе биде загрозена стабилноста на мостовите кои се наоѓаат на регионалните патишта во овој регион и тоа: мостовите на Река Црна и 10-ти канал на регионалниот пат Р-1311 Битола-Новаци, мостовите на река Црна кај с. Брод и на 10-ти канал кај с. Рибарци на регионалниот пат Р-2338 Добрушево-Новаци-Брод и мостот на река Црна кај с. Скочивир на регионалниот пат Р-2340 врска А-3м-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина .

При излевање на Елешка река изложени се следните населени места: Гермијан, Бач и Брод. Во овие места претежно луѓето живеат во индивидуални станбени објекти па според тоа бројот на ранливи објекти е: Гермијан 73 за живеење и околу 60 помошни, Бач 7 за живеење и околу 4 помошни и Брод 12 за живеење и околу 9 помошни.

Индивидуалните станбени објекти и помошните простории кои се погоре набројени од градежнички аспект ги имаат следните карактеристики:

- Во 60 до 70% од објектите се работи за масивен конструктивен систем и старост 40 до 80 години.
- Во 30 до 40 % од објектите се работи за скелетен конструктивен систем (армирано-бетонски конструкции) со старост помала од 40 години.

При излевање на Елешка река загрозена ќе биде стабилноста на мостот на регионалниот пат Р-2340 врска А-3м-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина, кај кој од поплавите во 2013 година дојде до сериозни оштетувања на десниот крилен ѕид и дел од коловозот за што од страна на ПОРКОА РЦУК Битола се известени општината Новаци и ЈП за државни патишта на РМ.

При појава на поплавен бран од акумулацијата Стрежево изложени се следните населени места: Добромири, Новаци, Рибарци и Гнеотино. Во овие места претежно луѓето живеат во индивидуални станбени објекти па според тоа бројот на ранливи објекти е: Добромири 95 индивидуални објекти за живеење и 85 помошни, Новаци 355 индивидуални објекти за живеење и 294 помошни, Рибарци 38 индивидуални станбени објектии 24 помошни простории, Гнеотино 17 индивидуални станбени објекти и 11 помошни простории.

Индивидуалните станбени објекти и помошните простории кои се погоре набројени од градежнички аспект ги имаат следните карактеристики:

- Во 50 до 60% од објектите се работи за масивен конструктивен систем и старост 30 до 60 години.

- Во 40 до 50 % од објектите се работи за скелетен конструктивен систем (армирано-бетонски конструкции) со старост помала од 30 години.

При појава на рушење или преливање на браната на акумулацијата Стрежево е загрозена функционалноста и стабилноста на постарите објекти (30 до 60 години) со масивен конструктивен систем, бидејќи се работи за објекти кои се подолг период во експлоатација, изградени според минимални (застарени) градежни нормативи. Исто така на удар први се и помошните простории чија што намена најчесто е за чување на стока и сточна храна. Сето тоа би предизвикало сериозни материјални штети.

При поплава од преливање или рушење на акумулацијата Суводол од поплавниот бран ќе биде поплавен само површинскиот коп на рудникот Суводол и ќе бидат загрозени лицата кои ќе бидат на работни задачи во тој момент и целата механизација која ќе се наоѓа во рудникот.

5.2Оштетување на инфраструктурата, по различни категории на инфраструктура и степен на оштетување

Инфраструктурата (електро-енергетска, телекомуникациска, сообраќајна, водоводна и др.) е битен сегмент и нејзиното одржување во функција е врвен приоритет за субјектите на системот за управување со кризи при појава на можни поплави на подрачјето на ЕЛС Новаци. Затоа е важно да се изврши процена за можност за нивно оштетување со тоа што ќе бидат земени во предвид некои посебни елементи како што се: вид на конструкции, местоположба, намена, виталност, трајност, достапност и др. Исто така при анализата треба да се посвети поголемо внимание на одредување на приоритети кај инфраструктурните системи со цел да се овозможи функционирање на субјектите на СУК и загрозеното население во новонастанатата ситуација при евентуална појава на поплава од поголем степен.

При рушење или преливање на браната Стрежево ќе дојде до поплавување на горенаведеното подрачје, а со тоа и целокупната инфраструктура во истото, така да во прекин ќе биде патниот сообраќај и тоа регионалниот пат Р-1311 Битола- Новаци-Старавина, регионалниот пат Р-2338 Добрушево-Новаци-Брод и регионалниот пат Р-2340 врска А-3м-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина како и останатите регионални и локални патни правци кои ги поврзуваат поплавените населени места, сите мостови на реките Црна и Елешка, како и електро-енергетскиот систем и ПТТ сообраќајот. Целата наведена инфраструктура ќе претрпи поголеми штети што дополнително ќе се одрази на економската состојба на ЕЛС Новаци и РМ.

5.3Критични објекти по категории на намена, конструктивна типологија, степен на оштетување и број

При енормно зголемување на нивото на водотеците во ЕЛС Новаци и можна појава на поплави потребно е да бидат во функција патните правци кои се најзагрозени и тоа регионалниот пат Р-1311 Битола-Новаци-РЕК Битола-Старавина, регионалниот пат Р-2338 Добрушево-Новаци-Брод и регионалниот пат Р-2340 врска А-3м-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина, а како критични објекти кои се со особена важност за функционирање на субјектите на СУК и населението во ваква ситуација можеме да ги издвоиме:

- мостовите на река Црна на регионалниот пат Р-1311 Битола-Новаци-РЕК Битола-Старавина кај с. Новаци и кај с. Рапеш

- мостот на река Црна на регионалниот пат Р-2338 Добрушево-Новаци-Брод кај с. Брод
- мостот на река Црна на регионалниот пат Р-2340 врска А-3м-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина кај с. Скочивир
- мостот на Елешка река на регионалниот пат Р-2340 врска А-3м-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина кај с. Брод
- мостот на 10-ти канал на регионалниот пат Р-1311 Битола-Новаци-РЕК Битола-Старавина кај с. Новаци
- мостот на 10-ти канал на регионалниот пат Р-2338 Добрушево-Новаци-Брод кај с. Рибарци.

Мостовите конструктивно гледано се армирано-бетонски, стари 35 до 50 години и се во добра кондиција, освен мостот на река Елешка на мостот на Елешка река на регионалниот пат Р-2340 врска А-3м-Кременица-Бач-Скочивир-Старавина кај с. Брод кај кој од поплавите во 2013 година дојде до сериозни оштетувања на десниот крилен ѕид и дел од коловозот за што од страна на ПОРКОА РЦУК Битола се известени општината Новаци и ЈП за државни патишта на РМ.

Мостовите како конструкции се битни за да функционираат сите сообраќајници во случај на појава на поплави на подрачјето на ЕЛС Новаци и постојат услови за непречено функционирање на субјектите на СУК и населението во ваква ситуација (дотур на храна, вода, функционирање на здравствениот систем и др). Функционирањето на електро-енергетскиот систем и системот за снабдување со вода би бил во надлежност на ЕВН и ЈП „Водовод" Битола кои во своите стратегии за функционирање во екстремни ситуации ги имаат предвидено евентуалните слабости и потребните постапки кои треба да се превземат за снабдувањето со електрична енергија и вода се одвива непречено.

5.4Останати објекти и инфраструктура, по типологија, степен на оштетување, број и други релевантни карактеристика

При појава на поплави на подрачјето на ЕЛС Новаци од поголем обем на удар би се нашле околу 20 000 до 25 000 ха обработливи земјоделски површини во ЕЛС Новаци што би предизвикало големи материјални штети. РЦУК Битола изврши инвенторизација на сите објекти, инфраструктура и други добра врз основа на која се утврдуваат критичните (загрозените) објекти.

6.Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од појава на поплави врз населението на ЕЛС Новаци

6.1 Живот и здравје

При досега случените поплави на подрачјето на општина Новаци, животот и здравјето на населението не било загрозено во поголем обем, но сепак предизвикале одредени нарушувања на нормалниот живот без поголеми последици по здравјето, освен по материјалните добра на населението при што се губи дел од својот имот и со тоа во овие случаи се појавуваат дополнителни финансиски загуби (оштетување на дом, покуќнина, проблем за сместување и др.). При поплавување на помошни објекти се претрпува штета врз материјалните добра кои се потребни за одгледување на стока, залихи на храна и сл.

6.2Смртност и повреди (по типологија и интензитет)

